**20181492814**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 9-а став (11) од Законот консолидација на земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр. 187/13, 61/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА РАБОТИ ВО ФУНКЦИЈА НА КОНСОЛИДАЦИЈАТА, ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА РАБОТИ ВО ФУНКЦИЈА НА КОНСОЛИДАЦИЈАТА, ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА РАБОТИ ВО ФУНКЦИЈА НА КОНСОЛИДАЦИЈАТА, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА РАБОТИ ВО ФУНКЦИЈА НА КОНСОЛИДАЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација, формата и содржината на барањето за промена на податоците во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација, формата и содржината на барањето за бришење од Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација, потребната документација и начинот на водење на Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација.

Член 2

(1) Барањето за упис во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација се поднесува на образец „ Барање за упис во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација", во формат А4 во бела боја.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи: до Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице–подносител на барањето, име и презиме, адреса и телефон на одговорното/овластеното лице за застапување -во правното лице, единствен даночен број (ЕДБ), единствен матичен број на субјектот (ЕМБС), седиште и адреса на правното лице, шифра на претежна дејност, број и датум на лиценцата за вршење на геодетски работи, име и презиме на дипломираниот градежен инжењер ангажиран во правното лице, име и презиме на дипломираниот агроном ангажиран во правното лице, име и презиме на дипломираниот правник ангажиран во правното лице, документација што се доставува во прилог, број, датум, и место за печат и потпис на одговорно лице во правното лице.

(3) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел од овој правилник.

(4) Барањето за промена на податоците во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација се поднесува на образец „ Барање за промена на податоците во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација ", во формат А4 во бела боја.

(5) Образецот на барањето од став (4) на овој член содржи: до Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, во средишниот дел назив на барањето, назив на правнотолице–подносител на барањето, име и презиме, адреса и телефон на одговорното/овластеното лице за застапување -во правното лице, единствен даночен број

(ЕДБ), единствен матичен број на субјектот (ЕМБС), седиште и адреса на правното лице, број и датум на лиценцата за вршење на геодетски работи, податоци кои се менуваат, документација што се доставува во прилог, број, датум, и место за печат и потпис на одговорно лице во правното лице.

(6) Формата и содржината на барањето од став (4) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел од овој правилник.

(7) Барањето за бришење од Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација се поднесува на образец „ Барање за бришење од Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација “, во формат А4 во бела боја.

(8) Образецот на барањето од став (7) на овој член содржи: до Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице–подносител на барањето, име и презиме, адреса и телефон на одговорното/овластеното лице за застапување -во правното лице, единствен даночен број (ЕДБ), единствен матичен број на субјектот (ЕМБС), седиште и адреса на правното лице, број и датум на лиценцата за вршење на геодетски работи, број и датум на решението за упис во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидацијата, број, датум, и место за печат и потпис на одговорно лице во правното лице.

(9) Формата и содржината на барањето од став (7) на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

Во прилог на барањето од член 2 став (1) на овој правилник правното лице ја приложува следната потребна придружна документација:

- Тековна состојба од единствениот трговски регистар издадена од Централен Регистар на Република Македонија не постара од еден месец,
- Лиценца издадена од Агенцијата за катастар на недвижности за вршење на работи од областа на геодетски работи,
- Договор за вработување или ангажирање на најмалку три вработени лица во редовен работен однос на неопределено или определено работно време согласно член 9-а став (2) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште и
- потврда издадена од работодавец (правно или физичко лице) за работно искуство на лицата од алинеја 3 на овој став.

Член 4

Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација се води во пишана и електронска форма.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 18 – 6974
25 јули 2018 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.

**Прилог 1**

| | |
|---|---|
| ДО<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,<br>ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | |
| БАРАЊЕ<br>ЗА УПИС ВО<br>РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА РАБОТИ ВО ФУНКЦИЈА НА КОНСОЛИДАЦИЈАТА | |
| 1.Назив на правното лице-подносител на барањето | |
| 2.Име и презиме, адреса, телефон на одговорното/овластеното лице за застапување - во правното лице | |
| 3. Единствен даночен број (ЕДБ) на правното лице | |
| 4.Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) на правното лице | |
| 5.Седиште и адреса на правното лице | |
| 6.Шифра на претежна дејност | |
| 7.Број и датум на лиценцата за вршење на геодетски работи. | |
| 8. Име и презиме на дипломираниот градежен инженер ангажиран во правното лице | |
| 9. Име и презиме на дипломираниот агроном ангажиран во правното лице | |
| 10.Име и презиме на дипломираниот правник ангажиран во правното лице | |
| 11. Документација што се доставува во прилог | |

| | | |
|---|---|---|
| Бр. ________________<br>Датум ______________ | м.п. | ____________<br>Одговорно лице<br>во правното лице |

**Прилог 2**

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА РАБОТИ ВО ФУНКЦИЈА НА КОНСОЛИДАЦИЈАТА

| | |
|---|---|
| 1.Назив на правното лице-подносител на барањето | |
| 2.Име и презиме, адреса, телефон на одговорното/овластеното лице за застапување - во правното лице | |
| 3. Единствен даночен број (ЕДБ) на правното лице | |
| 4.Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) на правното лице | |
| 5.Седиште и адреса на правното лице | |
| 6. Број и датум на лиценцата за вршење на геодетски работи. | |
| 7.Податоци кои се менуваат | |
| 8. Документација што се доставува во прилог | |

| | | |
|---|---|---|
| Бр. ________________<br>Датум _______________ | м.п. | __________________<br>Одговорно лице<br>во правното лице |

**Прилог 3**

| |
|---|
| **ДО<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,<br>ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО** |
| **БАРАЊЕ<br>ЗА БРИШЕЊЕ ОД<br>РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА РАБОТИ ВО ФУНКЦИЈА НА КОНСОЛИДАЦИЈАТА** |

| | |
|---|---|
| 1.Назив на правното лице-подносител на барањето | |
| 2.Име и презиме, адреса, телефон на одговорното/овластеното лице за застапување - во правното лице | |
| 3. Единствен даночен број (ЕДБ) на правното лице | |
| 4.Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) на правното лице | |
| 5.Седиште и адреса на правното лице | |
| 6. Број и датум на лиценцата за вршење на геодетски работи. | |
| 7.Број и датум на решението за упис во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидацијата. | |

| | | |
|---|---|---|
| Бр. ________________<br>Датум ______________ | м.п. | ______________________<br>Одговорно лице<br>во правното лице |